Примено 16.12.2016г.

**П1-103/15**

**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА,** во совет составен од судијата Орхан Асим, -претседател на совет и судиите поротници Божидар Танчевски и Оливера Ивановска - членови на советот, постапувајќи во правната работа на тужителот АБ Електролукс од Стокхолм, Шведска, ул. St Goransgaten 143 SE 105 45 Stocholm Sweden, застапуван преку полномошник адвокат Татјана Поповски Булоски од адв. друштво Поленак од Скопје и адвокат Живка Костовска Стојковска од Скопје, против тужениот Димче Палензовски од Битола ул.Даме Груев бр.177, застапуван преку полномошникот адвокат Николчо Лазаров од Скопје, основ повреда на право од индустриска сопственост, вредност 40.000,оо денари, по одржаната усна и јавна расправа во присуство на тужениот и полномошниците , на 23.11.2016 година донесе

**П Р Е С У Д А**

Тужбеното барање на тужителот со кое бараше да се утврди дека тужениот го повредил правото на трговска марка на тужителот за трговската марка Electrolux со регистарски број 03982 и Electrolux со регистарски број 03983 на начин што овие трговски марки тужениот неовластено ги користи како регистрант во домените: elektroluks.mk; elektrolux.mk и elektroluxpalenzo.mk при Македонската истражувачка мрежа МАР-нет, како и да се утврди дека тужениот го повредил правото на трговска марка на тужителот за трговската марка Zanussi со број на пријава ТМ/2013/556, па да му се забрани на тужениот да ги користи трговските марки на тужителот и тоа: Electrolux со регистарски број 03982, регистрирана за производи од класата 03,07, 09, 11 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги и Electrolux со регистарски број 03983 регистрирана за производи од класата 07,08, 09, 11 ,17, 20 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги и Zanussi со број на пријава ТМ/2013/556 за производи и услуги од класата 28 од Меѓународната класификација на производи и услуги и да му ги надомести процесните трошоци во вкупен износ од 390.098,00 денари **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужителот да му ги надомести процесните трошоци на тужениот во вкупен износ од 163.218,00 денари во рок од 15 дена од приемот на пресудата.

Поголемото барање на тужениот за надомест на процесните трошоци за разликата до бараниот износ од 264.180,00 денари **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО**.

**О б р а з л о ж е н и е**

Тужителот во тужбата и на одржаните рочишта наведе дека е глобален лидер во производството на апарати за домаќинството и апарати за професионална употреба. Тужителот е носител на бројни национални и меѓународни марки, меѓу кои и Elektrolux і Zanussi. Тужениот е регистрант на следните домен имиња: elektroluks.mk; elektrolux.mk и elektroluxpalenzo.mk и на овие интернет страни тужениот неовластено ги користел трговските марки Elektrolux і Zanussi. Од доставените докази јасно произлегувало дека тужениот со користење на знак идентичен со трговските марки Elektrolux і Zanussi кои се уредно регистрирани од тужителот сторил повреда на неговите права. Во завршен збор предложи да се усвои тужбеното барање. Докази предложи. Трошоци побара.

Во одговор на тужба и на одржаните рочишта, тужениот наведе дека неосновано е тужбеното барање на тужителот. Тужителот не докажа дека тужениот врши некаква дејност. Имено, тужениот е физичко лице, кое како такво не врши трговска дејнсот, ниту пак извршува било какви услуги со што би можело да се создаде забуна кај просечен купувач. Не се докажа дека тужениот ги користел трговските марки за свои трговски цели и со тоа да остварувал добивка, ниту дека создал забуна кај просечниот купувач. Во завршен збор предложи да се одбие тужбеното барање. Докази предложи. Трошоци побара.

Во доказна постапка судот со читање ги изведе следните докази: изводи од Државен завод за индустриска сопственост бр.10-313/2 од 18.02.2015 год., бр. 10-314/2 од 18.02.2015 год., бр.10-768/2 од 20.04.2015 год., известување бр.10-771/2 од 20.04.2015 год., известување бр. 10-769/2 од 20.04.2015 год., известување бр. 10-770/2 од 20.04.2015 год., записник за потврдување на факти ОДУ 1665/14 на нотар Анета Петровска

Алексова,записник ОДУ 576/14 на Нотар Анета Петровска Алексова, решенија бр.10-281/7,10-280/7,10-284/7,10-282/7,10-870/7,10-869/7,10-2406/4 и 10-283/7,сите од 30.04.2014 год., наод и мислење од М-р Марин Гавриловски, вештачење од ДООЕЛ Маго,стручно мислење од лектор Здравко Божиновски, извадоци од Марнет приложени со поднесокот од 17.11.2015 год., наод и мислење од д-р Димитар Најденов, стручни мислења од лектор д-р Трајко Огненовски, потврда од Центар за вработување од 15.06.2015 год., исправка од Државен завод за ИС бр.10-1799/2 од 3.10.2016 год..лична карта за тужениот, пресуда ТСЖ 218/16 од 14.07.2016 год., пресуда ТС 15/15 од 26.01.2016 год, решение ТМ /2012 /839 од 8.05.2016 год., решение на СО Битола УП бр. 2550 од 27.01.1986 год.., па по нивна оценка согласно член 7 и 8 од ЗПП, ја утврди фактичката состојба.

Тужителот е правно лице со седиште во Стокхолм, Шведска. Истиот е глобален лидер во производството на апарати за домаќинството и апарати за професионална употреба и истовремено е и носител на бројни национални и меѓународни марки меѓу кои се и Elektrolux i Zanussi. Тужителот овие две марки ги регистрирал во Државниот завод за индустриска сопственост со посебни регистерски броеви и тоа трговската марка Elektrolux била регистрирана со број 03982 за производи од класата 03,07,09,11 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги, и со регистарски број 03983 за производите од класите 07,08,09,11,17, 20 и 21 од Меѓународната класификација на производи и услуги, додека пак трговската марка Zanusi исто така била регистрирана во Државниот завод за индустриска сопственост како во збор така и во изглед.

Тужениот е физичко лице од Битола, кој видно од доставените докази се јавува како регистрант на домените elektroluks.mk; elektrolux.mk и elektroluxpalenzo.mk. Исто така, видно од копијата од лична карта за тужениот, како негово презиме во личната карта стои „Палензо Електролукс“. Од изведените докази во текот на доказната постапка, не се утврди дека тужениот со регистрирањето на домените му причинил штета на тужителот или дека со тоа предизвикува нелојална конкуренција и не постапува согласно со добрите обичаи.

Вр основа на вака утврдената фактичка состојба која произлезе од изведените докази судот одлучи како во диспозитивот на оваа пресуда поради следните причини:

Согласно член 206 став 1 од Законот за индустриска сопственост (ЗИС) „Носителот на трговската марка има исклучиво право да ја користи марката во прометот за означување на своите стоки, односно услуги“, согласно став 3 од истиот член „Носителот на трговската марка има право да забрани користење во прометот од страна на трети лица без негова согласност знак кој е: 1) идентичен со трговската марка за идентични производи или услуги; 2) идентичен или сличен со трговската марка за идентични или слични производи или услуги доколку таквата сличност може да создаде забуна кај просечниот потрошувач, вклучително и можност од асоцијација меѓу знакот и трговската марка и 3) идентичен или сличен со трговската марка за различни производи или услуги, доколку трговската марка има репутација во Република Македонија и доколку употребата на тој знак без оправдана причина претставува нелојална конкуренција или му штети на дистинктивниот карактер или репутацијата на трговската марка“, согласно став 4 од истиот член “Забраната од ставот (3) на овој член опфаќа и: 1) ставање на знакот на производите или на нивните пакувања; 2) давање услуги или пуштање во промет производи одбележани со тој знак или складирање на производи со таква намера; 3) увоз или извоз на производи под тој знак и 4) користење на знакот при кореспонденцијата, огласувањето и рекламирањето“.

Согласно член 207 став 1 од истиот закон „ Трговската марка не му дава право на носителот да им забрани на трети лица употреба во стоковниот промет на нивните имиња, презимиња, знаци или трговски имиња, адреси, престојувалишта, податоци кои се однесуваат на видот, квалитетот, количеството, намената, вредноста, географското потекло, датумот на производство на стоките или давањето услуги, или кое било друго обележје на стоките, без оглед на фактот што тие податоци се идентични или слични со трговската марка, или претставуваат нејзини делови, под услов да се користат во согласност со добрите деловни обичаи и да не доведуваат до нелојална конкуренција“.

Во конкретниот случај, Судот смета дека тужениот со самиот факт што ги

регистрирал домените elektroluks.mk; elektrolux.mk и elektroluxpalenzo.mk, не извршил повреда на правото на трговските марки на тужителот. Имено, како е погоре утврдено, видно од копијата од личната карта на тужениот, неговото презиме е „Палензо Електролукс", што значи дека при регистрацијата на домените, тужениот го користел своето презиме, што значи дека постапувал во согласност со добрите деловни обичаи, бидејќи при регистрацијата на домените немал намера да ја користи трговската марка на тужителот, туку тужениот регистрирал домен кој одговара на неговото презиме. Од друга страна пак, согласно горецитираниот член 207 од ЗИС, правото на трговска марка не му дава право на тужителот како носител на трговската марка да му забрани на трето лице употреба во стоковиот промет на нивните имиња, презимиња, знаци или трговски имиња.

Исто така, тужителот не докажа дека тужениот произведува електрични апарати со трговската марка на тужителот, ниту дека прави промет од таков обем со кој би можел да ги доведе во заблуда просечните корисници. Судот ги имаше предвид наводите на тужителот дека на веб страната elektroluks.mk стои дека тужениот нудел на продажба производи на тужителот, но судот овие наводи не ги прифати, бидејќи видно од поднесокот на тужителот од 23.11.2016 година, произлегува дека продажбата на производи од марката електролукс се однесува на компанијата Електролукс, а не на тужителот лично како физичко лице. Имено, видно од овој поднесок на страна 5, зборовите „ние произведуваме, ние продаваме и ние поправаме" се однесуваат на компанијата Електролукс, бидејќи видно од сликата на истата страна, на оваа веб страна стои „Во 1984 година во Битола, Електролукс компанијата е основана во електрични услуги за домашни производи и инсталација на електрични системи....." што значи дека без оглед што тужениот е регистрант на доменот elektroluks.mk, оваа веб страна се однесува на компанијата Електролукс, а не на тужениот лично. Поради тоа не може да се прифати дека тужениот е тој што нудел на продажба производи на тужителот.

Од погоре изнесеното произлегува дека тужителот не докажа на каков начин тужениот ги довел во заблуда просечните корисници на производи кои ги произведува тужителот, дали тужителот претрпел штета и колкава штета претрпел, ниту пак докажа дека постои повреда на трговската марка zanussi бидејќи оваа трговска марка воопшто не се споменува ниту поврзува со тужениот, поради што следуваше, судот тужбеното барање на тужителот да го одбие како неосновано.

Одлуката за трошоците е однесена согласно член 148 и 149 од ЗПП, па со оглед дека тужителот го загуби спорот, истиот е должен да му ги надомести процесните трошоци на тужениот во вкупен износ од 163.218,00 ден. од кои: 2.600,00 ден. за состав на полномошно и трошковник, 23.400,00 ден. за состав на одговор на тужба, 112.320,00 ден. за застапување на 4 рочишта по 28.080,00 ден., 24.898,00 ден. за ДДВ 18%.

Поголемото барање на тужениот за надомест на процесните трошоци за разликата до бараниот износ од 264.180,00 денари, судот го одби како неоснован, бидејќи патните трошоци и трошоците за отсуство од канцеларија не се нужни и потребни за водење на оваа постапка. Тужениот можел да ангажира адвокат од Битола со што овие трошоци не би настанале. Исто така, на тужениот не му следуваат трошоци за состав на поднесок од 17.11.2015 година, бидејќи доказите доставени со тој поднесок, тужениот можел да ги достави на рочиште со што овие трошоци не би настанале.

**Претседател на совет**
**С у д и ј а**
**Орхан Асим**

**ПОУКА:** Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот, преку овој суд до Апелациониот суд во Битола.

**Д-НА:** адв. друштво Поленак од Скопје и адвокат Николчо Лазаров од Скопје, .
ДЈ/

**НАЛОГ ЗА ТАКСА:** СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот во рок од 5 дена од доставување на преписот од оваа пресуда да плати такса за одлука во износ од 1.200,оо денари на Буџетска сметка на РМ 100000000063095 при НБ на РМ приходна шифра 722211 , во спротивно истата ќе се наплати присилно преку решение на Управата за јавни приходи зголемена за 50 % по основа на казнена такса.